## Содржина:


- Вовед ........................................ 1
- Дружење ........................................ 2
- Вести ........................................ 3
- Во фокусот ........................................ 5
- Тестиравме ........................................ 8
- ЈУБ интервју ........................................ 10
- ЈУБ инспирира ........................................ 11
- Нови производи ........................................ 13
- Совет ........................................ 15
- ЈУБ дизајн стдио ........................................ 16



Издава: ЈУБ д.о.о.е.л. - Скопје

Адреса: бул. Јане Сандански 79а-3

Телефон: 02/ 24 54 027

E-mail: jubmagazin@jub.com.mk

Редакциски одбор: ЈУБ д.о.о.е.л - Скопје

Дизајн и припрема: Катерина Бошкова

Печати: Макстен графика - Скопје


ISO 9001 Q-159
ISO 14001 E-034



**Кирил Бошков**
дипл. економист

Почитувани читатели,

Зимата полека се ближи кон крајот, доаѓа пролетта и сé се буди.
Дали сте забележале колку позитивно делува подобрувањето на времето врз вашето расположение?
Инспирирани од доаѓањето на пролетта и ние во ЈУБ сакаме да придонесеме за подобрување на вашето расположение. Со подобрувањето на времето, сите ние сé повеќе ќе се раздвижуваме чекорејќи во нови работни победи.
Со желба да го направиме стартот на новата сезона поуспешен за вас, решивме повторно да допреме до вас, обраќајки ви се преку вториот број на нашиот ЈУБ магазин.

Ïрвиот број на нашиот ЈУБ магазин е веќе зад нас. Не радува тоа што ЈУБ магазинот наиде на многу добар одзив кај вас. Многумина од вас ни испратија свои коментари, забелешки, сугестии и предлози кои што ќе ги уважиме, со цел да направиме весник кој ќе ги задоволува вашите интереси во целост.

Поведени од интересот кој што го покажавте за нашиот весник, решивме пред почетокот на градежната сезона да издадеме уште еден број на нашиот информативен магазин.

Во овој број, ќе ве запознаеме со ЈУБовите претставништва во странство, новите производи од асортиманот на ЈУБ, ќе ве информираме за саемите во 2009 година, на кои што ЈУБ ќе земе учество како излагач, за активностите на ЈУБ во изминатиот период, ЈУБ дружењето, ЈУБ Дизајн студиото, како и многу други рубрики кои се надеваме ќе го привлечат вашето внимание.

Со особено задоволство, во овој број ќе ве информираме и за наградата која ја доби нашиот најпрепознатлив производ Јупол во 2008 година.

Уживајте во читањето....
ЈУБ д.о.о.е.л. Скопје



**Дејан Костов**
комерцијалист

# ЈУБ СРЕДБИ

За градежништвото, октомври е месец, кога сите молерски работи се доведуваат кон крајот. Овој месец се сумираат резлултатите од изминатата работна сезона, се калкулираат заработките и се прави стратегија за наредната година. За ЈУБ, месец октомври е месец за средби, дружење и запознавање.

Традиционално во октомври, ЈУБ организира дружење и рекреација за своите вработени од сите земји каде има свои претставништа. Оваа година, ЈУБ средбите се организираа во Љубљана, Р.Словенија каде е и матичната ЈУБ-ова фирма. Овие средби имаат за цел, да се разменат искуства меѓу вработените, запознавање, зближување и зајакнување на меѓусебните професионални односи. Исто така, на овие средби се создаваат и лични пријателства, се запознаваат обичаите и навиките на сите народи кои се учесници на средбите, што на цела оваа манифестација и дава космополитска димензија.
При престојот во Љубљана, дел од агендата беше и посета на фабриката ЈУБ, каде што се врши производство на сите материјали кои се наоѓаат на ЈУБ-овата производна програма. Во фабриката беа презентирани новите производствени капацитети кои се направени со најнова технологија.



За време на прошетката низ Словенија, организирана беше прошетка до езерото Блед, кое е најпознато туристичко место во Словенија и претставува нивна национална гордост. Езерото Блед плени со својата природна убавина и раскош. Запознавањето со словенечката фолклорна музика, беше организирано за време на вечерата, па така низ добра храна, музика и игра се обележи оваа средба која ќе биде достојна за долго паметење.



Се надеваме дека во блиска иднина, ЈУБ Македонија ќе организира средба од ваков тип, каде ќе бидат претставени македонските природни реткости и убавини, како и македонскиот фолклор, обичаи и храна.

# ЈУПОЛ марка на која се верува

ЈУБ е фирма која постојано се стреми кон усовршување на своите производи и докажување на нивниот квалитет, доказ за тоа е титулата TRUSTED BRAND 2008 (марка на која ѝ се верува), која компанијата ЈУБ ја доби во 2008 година. Оваа титула се однесува на најпознатиот производ JUPOL, кој се натпреваруваше во категорија "Боја за куќа". Оваа оценка е донесена на основа на следните параметри: вредност, квалитет, соодветна цена, препорачливост за други, јак имиџ и разбирање на потребите на потрошувачите.

Оваа е 8-ма година како Reader's Digest спроведува истражување на ставовите на потрошувачите во 16 земји во Европа, во 37 категории на производи, на примероци од околу 24 000 испитаници. Основна цел на ова истражување, е да се дознае на кој бренд европјаните најмногу му веруваат, во широкиот дијапазон на катагории од одредени производи и да истражи што значи довербата во рамките на изборот на брендот.




izbor bralcev
TRUSTED BRAND
2008
Reader's Digest



## ЈУБ ПОЛИЦИ
## ЈУБ AKRINOL водоотпорни фуги и лепаци за плочки

Со цел да се обезбеди подобра информација за квалитетот и цената, на фугите и лепаците за плочки, во почетокот на 2009 година компанијата ЈУБ во Македонија, започна акција за поставување на полици во малопродажни објекти и маркети низ Републиката.

Полиците се поставени во оние објекти кои и до сега ги имаа фугите и лепаците за плочки, но сега обединети под едно име AKRINOL. Во оваа група на производи, покрај веќе познатите фуг маси од различни пакувања и нијанси, спаѓаат и лепаците и тоа:

- лепак за внатрешна и надворешна керамика и поробетон - AKRINOL;
- високоеластичен лепак за керамика - AKRINOL ELASTIK;
- лепак за внатрешна керамика - AKRINOL ENTERIER и
- двокомпонентен градежен лепак - AKRINOL FORTE.

# ЈУБ Академија



На ЈУБ – овите презентации во 2008 година, беше претставуван целиот производен програм. Во 2009 година, покрај презентациите од овој тип, предвидени се и наменски презентации од областа на:

- Јубизол фасада,
- декоративни малтери,
- фасадни бои,
- внатрешни бои,
- маси за израмнување,
- декоративна обтаботка на внатрешни ѕидни површини,
- производи за дрво и метал, како и
- нанесување на керамички плочки на ѕидови.




Посебно не радува, кога голем дел од презентираното допира до присутните и со новостекнатите информации за производи, услуги и трендови, стануваат сè поуспешни во својата област на работа што ја извршуваат.
Во последната четвртина од 2008 година, беа одржани уште 15 презентации со вкупен број на учесници од 371.

АКАДЕМИЈА

**Календар на одржани презентации во последната четвртина од 2008 година**

| ДАТУМ | ОРГАНИЗАТОР | ГРАД | ЦЕЛНА ГРУПА | ТЕМА | ПРИСУТНОСТ |
|---|---|---|---|---|---|
| 07.10.2008 | ЈУБ дооел Скопје | СКОПЈЕ | архитекти | ЈУБ-ов асортиман производи | 30 |
| 15.10.2008 | Киа Профи | СКОПЈЕ | изведувачи | ЈУБ-ов асортиман производи | 35 |
| 22.10.2008 | ЈУБ дооел Скопје | ВЕЛЕС | изведувачи | ЈУБ-ов асортиман производи | 30 |
| 31.10.2008 | Неби Комерц | РЕСЕН | изведувачи | ЈУБ-ов асортиман производи | 18 |
| 07.11.2008 | Даре Промет | ТЕТОВО | изведувачи | ЈУБ-ов асортиман производи | 8 |
| 11.11.2008 | Тале - АУ | СКОПЈЕ | изведувачи | ЈУБ-ов асортиман производи | 22 |
| 13.11.2008 | ЈУБ дооел Скопје | КАВАДАРЦИ | изведувачи | Машинско нанесување на Јуболин П-25, Јупол Голд, Акрилна емулзија | 12 |
| 21.11.2008 | ЈУБ дооел Скопје | СКОПЈЕ | изведувачи | ЈУБ-ов асортиман производи | 10 |
| 02.12.2008 | Кијара дооел | СКОПЈЕ | изведувачи | ЈУБ-ов асортиман производи | 10 |
| 04.12.2008 | ДСУ св.Наум Охридски | СКОПЈЕ | ученици | ЈУБ-ов асортиман производи | 30 |
| 05.12.2008 | Емиртон | ОХРИД | изведувачи | ЈУБ-ов асортиман производи | 50 |
| 10.12.2008 | ГУЦ Здравко Цветковски | СКОПЈЕ | ученици | ЈУБ-ов асортиман производи | 37 |
| 11.12.2008 | ГУЦ Здравко Цветковски | СКОПЈЕ | ученици | ЈУБ-ов асортиман производи | 46 |
| 19.12.2008 | ЈУБ дооел Скопје | СКОПЈЕ | изведувачи | ЈУБ-ов асортиман производи | 14 |
| 25.12.2008 | Алма | КИЧЕВО | изведувачи | ЈУБ-ов асортиман производи | 19 |
| Вкупно | | | | | **371** |

# Боење или уметност ?

**Кузман Стефановски**
дипл. технолог



Внатрешното декорирање на ѕидните површини може на вашиот простор да им даде живописен и креативен изглед.
Покрај “класичното освежување” со боење во бела или некоја друга нијанса, нанесувањето на декоративен материјал на површините во ентериерот ќе овозможи елегантност и чувство на спокојство во просторијата.

Обработените површини стануваат многу сликовити, поради што може да се вклопат во едноставни и во многу префинети амбиенти.
Имајќи ги во предвид сите позитивни карактеристики својствени за овие материјали, а пред се на барање и задоволство на голем број инвеститори, ЈУБ на пазарот нуди широка палета производи за декоративна обработка на внатрешни ѕидни површини.





## MARMORIN

Претставува висококвалитетен акрилен кит со делумно проѕирен ефект, кој на обработените површини им дава имитација на текстура на камен, дрво, кожа или платно.
Нанесен на ѕидовите со Marmorin emulzija (заштитен восок), ќе им овозможи висока сјајност што ќе рефлектира голема количина светлина, висока водоотпорност и заштита да не може да се задржи прашина на нив.
Разновидноста на техниките на вградување и комбинирањето на нијансите, му обезбедува складно вклопување во секој ентериер.

За сите наведени декоративни материјали од Јуб-овата палета производи, е потребно подлога на која ќе треба да биде чиста, цврста, сува и фино израмнета со некоја од нашите маси за израмнување, JUBOLIN или NIVELIN.

## ARTCOLOR



Полутранспарентен акрилен гел за декорирање на внатрешни ѕидни површини, изложбени паноа, сценографии и сл.
Материјалот е водоотпорен и може да се нанесува во повеќе техники, но со употреба на разновидни алатки за аплицирање (валјак, четка, крпа, кеса, еластична лопатка.....), без некое строго правило како за изборот на алатки така и за изгледот на декорираната површина (ART-уметност).



## AKRILDEKOR

Претставува акрилна дисперзна мозаик боја за многу оптоварени внатрешни површини (ходници, чекалници, училници, градинки... ), која е отпорна на мокро триење.
Овој декоративен материјал се нанесува исклучиво со прскање во еден слој, а декорираните површини добиваат посебен полихроматски изглед.

## JUBOSIL ANTIK



Силикатна лазурна боја за декоративно бојадисување со транспарентен ефект, не само на внатрешни туку и на надворешни површини.
Силикатниот состав и лазурниот ефект карактеристични за овој материјал, во комбинација со адекватна силикатна подлога (Jubosil Ex), на обработените површини им даваат антички изглед.
Бојата се одликува со постојаност на нијансата на УВ светлина, добра водоотпорност и одлична пареопропусност.







## JUFIX SISTEM

Системот опфаќа JUFIX релјефни тапети од стаклени влакна и JUFIX лепило за нив.
Претставува високо декоративна заштита на внатрешни ѕидни површини, кои се отпорни на триење и на оган, бидејки во основа тапетите од стаклени влакна се негорив материјал.
Истите се ткаени во различни дезени и се транспарентни. Се бојат пред сѐ со бои кои се отпорни на мокро триење, како што се латексните бои од фамилијата JUPOL.
Комбинации од нијанси на бои со комбинации од различни дезени на тапети, им даваат на обработените површини мошне едноставен и модерен изглед.

## KULIRPLAST

Претставува тенкослоен акрилен малтер од разнобоен природен мермерен гранулат.
Наменет е за декоративна заштита на фасадни површини (особено цоклиња), но и за многу оптоварени внатрешни ѕидови на ходници , скалила (само бочните страни) и сл.
Неколкуте типа на гранулација (1.5mm, 2.0mm, 3.0mm), изборот на нијанси по тон картата на Kulirplast кои можат меѓусебно да се мешаат, како и беспрекорниот квалитет, овозможуваат широка примена и на овој наш декоративен производ.





**Ѓоко Василев**
инструктор на примена
на материјали

# Машина за нанесување на подлоги и дисперзни бои

Во молерското работење сè повеќе се јавуваат машини, кои имаат за цел да го заменат рачното нанесување на материјалите, а со самото тоа и да се намали работното време за изведување на работите.
На изведувачите им се овозможува да ја зголемат продуктивноста, а со самото тоа да им се зголеми и приходот. Во последно време, наидуваме на сè повеќе прашања во врска со квалитетот на ваквите машини и за тоа какви сè материјали може да се аплицираат со нив.

Тестиравме две машини на Graco: Graco A 10000 i Graco MARK V, со цел да ви ги пренесеме нашите впечатоци од истите.

Двата модела се карактеризираат со:

- мала зафатна површина, што овозможува лесен транспост во патничко возило и лесно се монтира.
- долго и еластично црево што овозможува да се работи во повеќе простории без да се преместува и лесно може да се користат за прскање во сите правци.
- пиштолот за распрскување е многу квалитетен, лесен и лесно се користи при работа.
- тивки се при работата
- ги опслужуваат мал број на луѓе
- едноставно одржување и чистење







GRACO

GRACO N.V.
Slakweidestraat 31
B-3630 Maasmechelen
www.graco.be

Tel. +389 2 2403 184
Fax +389 2 2442 539
Mobil +389 70 255 444
e-mail: first@mol.com.mk

FIRST ING dooel bul. AVNOJ 86 / 1-6, MK - 1000 Skopje

Во овој број ќе ви го претставиме моделот Graco A 10000, кој што може да се користи само за нанесување на бои и подлоги. При тестирањето користевме Akril Emulzija (универзална акрилна подлога) разредена со вода во однос 1:1, која се нанесува пред секое боење и Jupol Golg, високопокривна, тенкослојна и водоперива дисперзна боја за внатрешни ѕидови.

Моделот A10000 поседува две дизни за нанесување на различни материјали: подлога и боја.

Првата се подесува во различни насоки зависно од пристапот на објектот, додека втората го испушта материјалот во елипсовидна форма, што ни овозможува контрола на дебелината на наносот.

При боењето, беа ангажирани двајца работници: едниот ја опслужуваше машината, а другиот ја нанесуваше (прскаше) бојата/подлогата. Нанесувањето на подлогата и бојата помина во најдобар ред, Благодарение на рамномерниот и тенкослоен нанос, успеавме да обоиме околу 150 m2 во два наноса, со една канта од 15 L. Jupol Gold. Што се однесува до продуктивноста, наша проценка е дека за еден осумчасовен работен ден можат да се обојат од 800 до 1000 m2, се разбира доколку просториите се празни.





## ЈУБ Словенија доби статус Superbrands

Уште една убава вест од Словенија. Претпријатието ЈУБ во Словенија ја доби престижната награда Superbrands 2008 за трговската марка ЈУБ.

Меѓународната организација Superbrands претставува глобален авторитет на полето на брендовите и опстојува во 73 држави во светот, а во Словенија активно работи од 2007 година. Целта на Superbrands е да се идентификуваат трговските марки кои на потрошувачот му нудат функционални и емоционални предности пред конкурентските трговски марки.

Клучен критериум при оценувањето беа квалитетот, веродостојноста, емоционалниот набој и различност на трговската марка. Листата на финалисти која достигна бројка од 770 трговски марки, беше направена врз база на истражување на независни агенции за истражување на пазарот - Gfk, AC Nielsen и PGM. Гласањето го вршеше стручен совет кој броеше 53 членови и беше составен од признати стручњаци од полето на маркетингот, претставници на академските здруженија, стручни здруженија и медиуми.

# јуб интервју

Ја искористивме можноста, да направиме кратко интервју со господинот Агим Арифи, сопственик на дуќан за бои и лакови во Гостивар. Пристигна со група мајстори во канцеларијата на ЈУБ Скопје, да не посетат и воедно да присуствуваат на мала презентација на ЈУБ – овиот производен програм, кој истиот го надополнија со примена на материјалите во нашата работилница.

Агим Арифи, сопственик на дуќан Примавера од Гостивар:
**ништо без познавање на материјалите.**

Пред дваесетина години, Агим Арифи започнал да работи како мајстор – молер и фасадер во странство. Кога се вратил во Македонија, најпрво си изработил фасада на сопствениот објект, а потоа изработувал и за други. Со трговија на мало со бои и малтери, почнал да се занимава во 2000 година.



- По што може да го одвоите ЈУБ од останатите производители кој се јавуваат на нашиот пазар?

ЈУБ ни нуди квалитетен производ со техничка подршка, како и обуки кои ни овозможуваат да се запознаеме со новите производи.

- Кои материјали ги нудите најчесто на вашите купувачи?

Секој трговец па така и јас начесто го нудам оној производ на кој имам најголема сигурност во квалитетот како и заработувачка. Така кога станува збор за нијансирани материјали, секако ги нудам ЈУБ – овите бидејки нијансата никогаш не отстапува од онаа која е наведена во ЈУБ - овата тон карта. Морам да нагласам дека сега кога ЈУБ има своја NSC тон карта, можам да го задоволам со нијанси секој мој купувач.

- Колку учествива ЈУБ во вашиот вкупен промет?

Слободно ќе ви одговорам, дека ЈУБ во мојот вкупен промет учествува со околу 80%, со што не можам да се пожалам.

- Колку е важен маркетингот за вкупната продажба?

Еден од најбитните фактори за вкупната продажба, секако е и маркетингот. Исто така, би сакал да се пофалам и со ТВ рекламите кои јас ги правам за себе со локалните телевизии во Гостивар, на кој задолжително се присутни и ЈУБ – овите материјали, бидејки луѓето веќе знаат каде е квалитетот.

- Што би им препорачале на оние кој сакаат да почнат да се занимаваат со трговија на бои и малтери?

Оние кој сакаат да почнат да се занимаваат со трговија на бои и малтери, им препорачувам најпрво да ги научат материјалите, да ја научат нивната примена како и постапка на нанесување, на пример задолжително мора да знаат дека пред нанесување на било кој материјал, најпрво се користи соодветна подлога итн. Исто така во својот дуќан, освен евтини, секогаш да имаат и квалитетни материјали како што се ЈУБ – овите.
Мораат да имаат добри односи како со купувачите така и со добавувачите.

- Што подразбирате под тоа?

Купувачите треба да се негуваат со внимание, исто како со мало бебе. Често ми се случува во неработен ден, или навечер да одам со сопствено возило по набавка на материјали во Скопје, само за да му излезам во пресрет на купувачот. Секогаш сум спремен да им одговорам на нивните повици, а тие неретко се и во незгодно време.

# Освежете го вашиот дом со бои

**Катерина Бошкова**
совет и едукација



Со внесувањето на мали промени во вашиот животен простор, истиот ќе го направите поинтересен и посвеж. Различни се начините со кои можете да го постигнете ова, но само еден е најквалитетен и најатрактивен, освежување со боја. Без разлика на тоа колку сакате неутрални и умерени бои, со играње на боите ќе направите динамика и нова димензија во просторот во кој живеете. Боите се дел од нашето секојдневие, позитивно влијаат на психата како и на доброто расположение, затоа препорачуваме да ги примените во уредувањето на вашиот дом.

Доколку немате намера да го промените вашиот мебел и на тој начин да внесете нови бои во домот, задолжително ве советуваме тоа да го направите со пребојување на ѕидовите. Препорачливо е да се користат максимум три различни нијанси во ентериерот, но најчесто со помош на стручњак – архитект или дизајнер. Во спротивно, просторот може да се доживее хаотично и како неудобно место за одмор.

Нежните нијанси на жолта, портокалова, зелена или сина може да се употребат во дневната, спаланата , или детската соба. Комбинацијата на ваквите нежни бои  во ист простор може да биде многу дискретна и ненаметлива. Наизменичната примена на едната и другата боја ќе направат колоритна складност и ритам, кои ќе бидат удобни за секое око.



Примената на интензивните бои како црвена, жолта, виолетова, зелена, сина итн. ќе наметнат одредени односи во ентериерот, кои мораат да бидат складни. Со интензивните бои препорачливо е да се пребои само еден дел од просторот на пример, дел или цел ѕид во дневната, на која стои ТВ со комода и полици. Во ваков случај ѕидот станува доминантен дел од ентериерот, кој на одреден начин се доживува како голема слика, со колоритна позадина и вклопени елементи од мебелот. Останатите ѕидови во просорот мораат да бидат пребоени во нежни и смирувачки тонови (светло жолта, светло зелена, кајсија боја или бела).

Оптичка корекција на нискиот простор ќе направите со пребојување на таванот во посветла нијанса од бојата на ѕидовите. Исто така, високиот простор визуелно ќе го намалите со потемни нијанси од оние на ѕидовите. Краткиот простор ќе го проширите со боење на долгите ѕидови со светла боја, а кратките со нешто потемна или интензивна боја. На обратен начин ќе го корегирате и големиот простор. Страните во домот кои се орјентирани на север или се со помала светлина, задолжително пребојте ги во жолта боја, како би добиле чувство на сончева светлина во домот.

Вкусот и склоноста кон одредени бои се битен фактор за создавање на удобен амбиент во домот. Ладните бои како зелена, сина или виолетова не се добар избор за трмпераментните соби.

> Но со усогласување на новите бои со постоечките во просторот, можете да направите удобен и атрактивен животен простор.

# Jupol junior

Jupol junior е еколошка внатрешна боја, наменета за детски соби, се карактеризира со високи еколошки особини и максимална безбедност при контакт на децата со неа. Произведена е во 6 светли нијанси и тоа зелена, розева, сина, виолетова, жолта и диња, во пакување од 2,5 l. Отпорна е на суво и мокро триење, има добра паreопропусност, пријатен мирис и високопокривна моќ што значи се нанесува само во еден слој.

Совет за секоја мајка:

Мајката е таа која најмногу се грижи за здравјето на своето дете и знае што е најдобро за него. Затоа ви препорачуваме да користите Jupol junior во детските соби, од причина што знаеме дека секое дете, вози минимум 2 превозни средства во домот, како велосипед, тротинет, ролери и друго. Секое од овие превозни средства оставаат трага на ѕидовите и тоа од гума, педали итн. Ако ова вашето дете се уште не го прави затоа што е премало, тогаш со сигурност остава траги од своите рачиња, предходно извалкани со чоколадо или некоја друга храна. Можеби остава трага од својата валкана топка со која до пред малку си играло во дворот итн. Доколку ѕидот кој е најмногу изложен на ваква опасност се пребои со Jupol junior, по секое валкање може да се пребрише трагата со мокра крпа, по што повторно ѕидот би бил чист, без да се изложувате на дополнителна работа и непредвидени финансиски трошоци и што е најважно нијансата на пребришаниот дел од ѕидот ќе остане не променета.
Како дополнување во дизајнот на детската соба ви ги представуваме бордурите за детски соби како и налепниците во неколку дезени.



**Направете весело детско катче во вашиот дом.**



























Како и во секоја година така и во оваа 2009, ЈУБ ќе пласира неколку нови производи на пазарот. Во овој број само ќе ги наведеме кои се.

## Jupol Trend

Групата на внатрешни бои Jupol Trend, ќе се допони со уште 2 нијанси и тоа: чоколадо и црвено грозје. Се одликуваат со исти карактеристики како и предходните нијанси и пакувањето им е од 2,5l.





izbor bralcev
TRUSTED BRAND
2008
Reader's Digest

# нови производи

## Jubizol Disperzno lepilo

Пастозна лепилна смеса, која во фасадниот топлинско изолационен ситем Jubizol ZF, се употребува за лепење на изолациските облоги од експандиран полистирен. Направено е на основ на полимерно врзиво со микроармирани стаклени и целулозни влакна, што дава добра еластичност и се карактеризира со висока пареопропусност. Пакувањето е во пластични канти од 25 kg.

При вградување на фасада, основен премаз обично не е потребен, но во случај на премногу мазни површини, како основен премаз се корист Vezakril.

Смесата пред употреба добро се промешува со електрична машалка и по потреба се разредува со вода најмногу до 1%.

За контрола на квалитетот секако ЈУБ е задолжен да ги обезбеди потребните сертификати. Во овој случај покрај сертификатите ISO 9001 и ISO 14001 обезбеден е и сертификатот OHSAS 18001.







## Jubizol disperzna malta

Пастозен малтер наменет како основен малтер во топлотно изолационен систем Jubizol KS и Jubizol ZF, се нанесува во исклучително тенок слој од 2,5 mm што дава одлична еластичност на фасадата. Се одликува со висока пареопропусност , а во комбинација со акрилни и силиконски декоративни малтери го спречувастареењето на фасадата. Пакувањето е во пластични канти од 25 kg.

За контрола на квалитето секако ЈУБ е задолжен да ги обезбеди потребните сертификати. Во овој случај покрај сертификатите ISO 9001 и ISO 14001 обезбеден е и сертификатот OHSAS 18001.

## Kulirplast 3,0 mm

Мермерен гранулат од 3 mm во кобинација со акрилно врзиво. Наменет е за декоративна заштита на сите видови фини фасадни површини. Посебно е наменет за цоклиња кај фасадите, но исто така може да се изработи и целосна фасада и на објекти кои содржат повеќе од 2 ката.

Се одликува со исклучителан тврдост поради мемерот кој го содржи во себе и висока водоодбивност поради додадената микропарафинска компонента.

Пакувањето е во пластични канти од 25 kg. Го има во осум осовни нијанси и тоа: 510, 515, 535, 540, 545, 565, 570 и 590 по ЈУБ – овата тон карта на Kulirplast. Како подлога се користат следниве премази и тоа: Unigrund, Vezakril, Acrylcolor и Akril Emulzija.

За контрола на квалитето секако ЈУБ е задолжен да ги обезбеди потребните сертификати. Во овој случај покрај сртификатите ISO 9001 и ISO 14001 обезбеден е и сертификатот OHSAS 18001.



# Проблеми со мајстори

Кога ќе се впуштите во авантура со адаптирање или реновирање на просторот, оние кои веќе тоа го поминале ќе ви речат „Имаш мајстор во куќа? Прими го моето сочувство!“
Дали е сè така црно или може да биде и малку поинаку? Еве неколку совети, кои можат да ви бидат од корист.

Пред сè треба да знаете што навистина сакате, да направите список на работите кои треба да се направат. Постојат некои работи кои мора да се направат пред другите, па затоа и не е лошо да направите динамика на работите. Исто така, бидете сигурни дека роковите кои ви ги даваат мајсторите, сигурно ќе бидат прекорачени, добро е тоа веднаш да го вкалкулирате. Секогаш на почетокот, барем приближно се договарате околу износот кој треба да го платите, за да на крај не дојде до непријатни изненадувања.
Немојте да бирате мајстор кој е најевтин, распрашајте се за неговите досегашни извршени работи. Замолете го да ви покаже фотографии од предходните извршени работи, па така ќе добиете впечаток за тоа колку има смисол за естетика.

Што се однесува до материјалот, може да биде вкалкулиран со цената за работна рака, може да го набави материјалот во Ваше име или можете сами да си го набавите. Можеби е најдобра варијанта, доколку имате време, да појдете заедно со мајсторот да ги набавите потребните материјали. Мајсторот ќе знае што треба да се набави, а вие ќе контролирате колку е потрошено за материјал. Доколку ви се чини дека е превисока цената, погледнете и на други места, бидејки цената знае многу да варира.
Доколку нешто сте замислиле, а мајсторот ви каже дека тоа е невозможно, прашајте некој друг. Сепак доколку добиете ист одговор, прилагодете ја вашата идеја со постоечките услови. Понекогаш ќе бидете изненадени од резулатот, може да испадне подобро од тоа што сте планирале.

Мајсторите се само луѓе, но се стручњаци за работи без кои ниту една идеја, не може да стане реалност. Немојте да го барате невозможното, но изборете се за своите идеи. Она што најмногу ќе ви помогне е здрава комуникација и разбирање.



JUB DesignStudio

Како и во минатиот број, така и во овој ЈУБ дизајн студио Ви дава можност да видите како би изгледал вашиот дом однадвор или вашиот внатрешен простор изработен со некои од декоративните техники на ЈУБ, претставено во повеќе техники и материјали.

Приказ на фасада во Скопје - Тафталиџе, која е изработена по желба на инвеститорот.



Моментална состојба на терен.



малтери:
ЈУБ 15580; ЈУБ 1144
Kulirplast:
ЈУБ 440; ЈУБ 430



малтери:
ЈУБ 5580; ЈУБ 1094
Kulirplast:
ЈУБ 440; ЈУБ 430



малтери:
ЈУБ 1210; ЈУБ 1444
Kulirplast:
ЈУБ 440; ЈУБ 430

www.jub.eu

# JUB Магазин

Година II
Број 2
Март 2009
ЈУБ дооел
Скопје

Нови производи:

## Jubizol disperzna malta
## Jubizol disperzno lepilo




Во фокусот

## Боење или уметност

ЈУБ интервју

## Ништо без познавање на материјалите

# jupol trend

*едноставноединствен*



JUB

Боите го менуваат Вашиот дом




## ЈУБ и спортот

Доказ дека во ЈУБ преовладува натпреварувачки дух, е недамнешното спонзорство во мал фудбал на клубот "ГЕМИЦИИ" од Велес. Клубот официјално постои од 2008 година и се натпреварува во првата лига на мал фудбал во Македонија. Во моментов, клубот е на 5-тата позиција во есенскиот дел од натпреварите. Со продолжување на пролетниот дел, цел на овој клуб е да се рангира меѓу првите во лигата и со тоа да овозможи натпреварување во некои од елитните европски лиги во мал фудбал. Им посакуваме многу среќа и НАВИВАМЕ ЗА НИВ.



## Простор за ваши мислења, идеи, критики и фотографии кои може да ни ги испратите на наша адреса:

**бул. Јане Сандански 79 а-3**

**или на**

**e-mail: jubmagazin@jub.com.mk**

## Вицотека

Молер молерисува во стан кај една госпоѓа, на спојот линијата не е права, нормално госпоѓата реагира за ваквата изведба, а одговорот од мајсторот е следен:

- Не грижете се госпоѓо, оваа боја е увозна и кога ќе исуши самата ќе затегне т.е. линијата ќе се исправи.

Во првиот број на нашиот ЈУБ магазин, накратко ве запознавме со историјатот на ЈУБ. Во овој број сакаме да ве запознаеме со делувањето на ЈУБ во меѓународни рамки.
Производите на ЈУБ се достапни во дури 25 земја, а со цел да го унапреди своето делување, во 10 од нив ЈУБ има основано сопствени фирми.
Подолу ќе ви ги претставиме фирмите од семејството ЈУБ:

Словенија: dol pri Ljubljani 28, Ljubljana
Tel. 00 386 1588 4217
Чешка: Tel. 00 382 521 187
Словачка: Klincová 1; Bratislava
Tel. 00 421 243 631 761
Германија: Siemensstr. 12a; Unterschleissheim
Tel. 00 89 37 06 73 25
Унгарија: Sági 218; Celldömölk
Tel. 00 3695 525 720
Романија: str. Konstantin Noica 29; Bihor
Tel. 00 741 279 014
Хрватска: ул. града Вуковара бр.269; Вуковар
Тел. 00 385 161 94 340
Босна и Херцеговина: Колодворска 11а; Сараево
Тел. 00 387 33 209 825
Србија: ул. Доситејева бр.2; Шимановци
Тел. 00 381 22 81 400
Косово:

Македонија: бул. Јане Сандански 79а-3; Скопје
Тел. 00 389 2 24 54 027

За фановите на ЈУБ, го објавуваме и распоредот на саемите во 2009 година, на кои што ЈУБ ќе земе учество:



Загреб



Прага



Будимпешта

Месец

| Од датум | До датум | Држава | Град |
|---|---|---|---|
| Јануари | | | |
| 12.01.2009 | 17.01.2009 | Германија | Минхен |
| 20.01.2009 | 23.01.2009 | Русија | Краснојарск |
| Февруари | | | |
| 06.02.2009 | 08.02.2009 | Чешка | Пардубице |
| 11.02.2009 | 14.02.2009 | Чешка | Острава |
| 24.02.2009 | 27.02.2009 | Украина | Киев |
| Март | | | |
| 03.03.2009 | 06.03.2009 | Казахстан | Алмаата |
| 03.03.2009 | 07.03.2009 | Македонија | Скопје |
| 03.03.2009 | 08.03.2009 | Словенија | Љубљана |
| 05.03.2009 | 07.03.2009 | Чешка | Пардубице |
| 10.03.2009 | 14.03.2009 | Бугарија | Софија |
| 13.03.2009 | 15.03.2009 | Унгарија | Будимпешта |
| 17.03.2009 | 20.03.2009 | Украина | Лвов |
| 18.03.2009 | 20.03.2009 | Русија | Белгород |
| 18.03.2009 | 20.03.2009 | Русија | Њагањ |
| 30.03.2009 | 03.04.2009 | Русија | Москва |

Месец

| Од датум | До датум | Држава | Град |
|---|---|---|---|
| Април | | | |
| 01.04.2009 | 04.04.2009 | Естонија | Талин |
| 01.04.2009 | 05.04.2009 | Унгарија | Будимпешта |
| 08.04.2009 | 12.04.2009 | Грција | Атина |
| 14.04.2009 | 18.04.2009 | Русија | Ст. Петербург |
| 21.04.2009 | 25.04.2009 | Чешка | Брно |
| 22.04.2009 | 26.04.2009 | Србија | Београд |
| Мај | | | |
| 12.05.2009 | 13.05.2009 | Русија | Краснојарск |
| 20.05.2009 | 23.05.2009 | Русија | Н.Новогород |
| Септември | | | |
| 01.09.2009 | 16.09.2009 | Словенија | Цеље |
| 13.10.2009 | 17.10.2009 | Македонија | Скопје |
| Ноември | | | |
| 11.11.2009 | 13.11.2009 | Русија | Њагањ |
| Декември | | | |
| 09.12.2009 | 11.12.2009 | Русија | Њагањ |